Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник бр.52/2010), Собранието на Здружението ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА Прилеп одржано на 22.03.2024 година го донесе следниот

# С Т А Т У Т
## пречистен текст од 22.03.2024 година
## на Здружението ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА Прилеп (во понатамошниот текст Здружението) е самостојно, невладино, непрофитно, хуманитарно, непартиско здружение, во кое може да членуваат индивидуалци кои ги подржуваат целите и програмите на Здружението, кои во неа ги остваруваат своите лични и колективни права и слободи и кои се одобрени од Собранието на Здружението.

Член 2

Здружението дејствува на територијата на Република Северна Македонија, соработува со сите локални и регионални и интернационални организации и институции, а неговата работа се одвива во согласност со постоечките закони во Република Северна Македонија, Уставот на Република Северна Македонија и Статутот на здружението.

Член 3

Здружението има својство на правно лице со права, должности и одговорности утврдени со овој Статут и Законот за здруженија и фондации.

Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели, задачи и активности во согласност со овој Статут и законите во Република Северна Македонија.

Член 4

Согласно Законот за Здруженија и фондации донесен на 12.04.2010 година во Здружението не е дозволен судир на интереси што подразбира судир на овластувања и должности во врска со работењето на организацијата и приватниот интерес кој влијае или може да влијае на лицето кое има овластувања и должности во Здружението. Лице кое е член на орган во Здружението не смее да биде на некое раководно место во друго здружение или фондација.

Член 5

Името на Здружението е Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА Прилеп. Седиштето на Здружението е во Прилеп ул. Ѓорѓи Димитров бр. 51. Името на Здружението за меѓународна употреба е Center for Education and Development. Скратеното име на Здружението за внатрешна и надворешна употреба е ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА. Скратеното име на Здружението за меѓународна употреба е Center for Education and Development.

Член 6

Здружението има печат и штембил.

Печатот на Здружението е во кружна форма со пречник од 4 сантиметри со впишан текст на македонски јазик кој гласи: Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА. Штембилот на Здружението е во правоаголна форма со впишан текст на македонски јазик кој

гласи: ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА Прилеп со рубрики за деловоден број и датум и место.

Член 7

Во работата на Здружението се употребува името или скратеното име впишано во надлежниот регистар.

Член 8

Здружението не може да обезбедува директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија, да влијае на изборите и не може да врши активности на политичките партии.

Член 9

Здружението може да врши дејност и да стекнува добивка ако дејноста е поврзана со целите утврдени во Статутот и програмата за работа. Доколку Здружението стекне добивка, истата не смее да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице и таа мора да биде употребена за исполнување на целите, програмите и дејностите на Здружението или да биде дадена во вид на донација кај други непрофитни организации.

Член 10

Здружението согласно своите цели и начела на работење може да спроведува иницијативи, јавно да ги искажува своите ставови, мислења и да учествува во градењето на политиките, како и во градењето на јавното мислење.

## 2.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Основни цели и задачи на Здружението се:

1. Надградба на капацитетите на младите луѓе и поттикнување на младинскиот активизам преку неформално образование;
2. Активности за поддршка и потикнување на спортскиот ативизам кај младите
3. Организирање на спортски натпревари, културни манифестации, хуманитарни активности
4. Развивање на културниот, социјалниот, и спортскиот живот на младите
5. Промоција на идејата за човекови права и нивна поголема заштита;
6. Градење стратегии на локален, регионален и национален план по европски принципи за зголемување на ефикасноста на секторите од јавен интерес;
7. Развивање на локалните заедници како трајни и привлечни средини за граѓаните;.
8. Подигнување на свеста за заштитата на човековата средина, грижа за екологијата и природните ресурси.
9. Спроведување на кампањи, проекти и политики поврзани со здравјето на младите
10. Промовирање на балансиран и одржлив социјален и општествен развој и социјална интеграција на лица со помалку можности;
11. Одржлив локален и рурален развој;
12. Динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
13. Поддршка на процесот на заштита и развој на човекови права
14. Поддршка во процесот на развивање на социјални услуги на локално ниво;

15. Промовирање на социјална заштита и социјално партнерство, граѓанско учество и зајакнување на демократски институции;
16. Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место;
17. Давање на социјална услуга помош и нега во домот;
18. Друго образование, неспомнато на друго место;
19. Давање на образование за возрасни;

Член 12

Своите цели и задачи Здружението ги остварува преку дејносите од јавен интерес согласно Член 74 од Законот за здруженија и фондации:

- наука, образование и обука во образовниот процес
- уметност, култура и заштита на културното наследство,
- потикнување и развој на спорт и спортски активности,
-развој на локалната средина,
- заштита на деца и младинци,
- заштита на животната средина и одржлив развој,
- развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права,
- заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување,
- здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа,
- унапредување на добротворството и волонтерството
-други дејности од јавен интерес согласно законите и Уставот на Република Македонија.

Член 12.1

Здружението своите дејности поконкретно ќе ги извршува преку следните активности:
-поддршка за развој на спортот;
-превземање на иницијативи и активности за градење на спортски игралишта и останати спортски инфраструктури
-обуки за градење на капацитети- организирање на обуки за граѓанскиот сектор, локалната самоуправа и одговорните институции
-креирање и имплементација на проекти, организирање трибини, научни собири и форуми, концерти, изложби, спортски манифестации и др;
-основање на клубови и комисии, спортски друштва;
-соработка со организации, институции и здруженија од хуманитарен, научен, културен, спортски и образовен карактер;
- истражувања, анкети, собирање и обработка на податоци
- формирање на трговски друштва за остварување на целите на здружението
-информирање- изработка, издавање и дистрибуција на печатени и дигитални информативни материјали
-вршење и други работи во согласност со овој Статут, законите и Уставот на Република Македонија.

Член 12.2

Дејности кои ги обавува здружението се:

1. 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
2. 88.99 - Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспомнати на друго место;
3. 85.59 - Друго образование, неспомнато на друго место;

## 3.УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

Здружението води Регистар на членови кој се ажурира најмалку еднаш годишно. Здружението ќе определи лице кое ќе биде одговорно за ажурирање на регистарот на членови.

Член 13.1

Постојат два вида членство во Здружението:
-полноправно
-придружно

За да се стекне со статус на полноправен член, членот на здружението мора редовно да ја подмирува членарината, редовно и активно да учествува во работата на Собранието и на Здружението, има право на еден глас во Собранието и може да избира и да биде избран во работењето на другите органи на Здружението.

Придружниот член нема обврска да плаќа членарина, може да биде вклучен во тековните активности на Здружението, да биде вклучен во работните групи, и по барање на Собранието да може да присуствува на седница на Собранието без право на глас.

Член 13.2

Во Здружението може да членува секое лице кое ја исполнува законската норма за членување во организација, а кое ги прифаќа целите и задачите на Здружението. Член на Здружението се станува со потпишување на пристапница и изјава за конфликт на интереси и се доставуваат до телото за прием на нови членови. За стекнување статус на полноправно членството одлучува Собранието на Здружението по предлог на телото за прием на нови членови со просто мнозинство. За стекнување статус на придружно членство одлучува Извршниот одбор по предлог на телото за прием на нови членови со просто мнозинство.

Членувањето во Здружението е слободно и доброволно. Малолетно лице со наполнети 14 години може да се зачлени во Здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

Член 14

Членството во Здружението престанува по сопствено барање или со исклучување поради непридржување кон одредбите од Статутот.

Членот се повлекува со предавање на сите материјали, опрема и средства кои му се дадени/задолжени за извршување на неговите активности. За исклучување одлучува Собранието со просто мнозинство по предлог на член или група членови на Собранието.

Член 14.1

Одземањето на право на членство се остварува кога член на Здружението:
- не се придружува до статутарните одредби на Здружението и не дејствува во интерес на целите пропишани со Програмата на Здружението;
- создава конфликтни ситуации со останатите членови на Здружението со што ја нарушува неговата работа;
- не учествува активно во Здружението;
- доколку не платил членарина во периодот помеѓу одржување на две Собранија;
- доколку не се придржува кон Кодексот на однесување на Здружението.
- други причини што го загрозуваат дејствувањето на Здружението;

Член 15

Одговорноста на членовите на Здружението се утврдува врз основа на превземените обврски и надлежности во согласност со овој Статут и другите акти на Здружението.

## 4.ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ

Член 16

Здружението се организира на територијален принцип.

Основен облик на територијално организирање на Здружението е Општинска организација.

Член 17

Работата на Општинските организации се уредува со унифициран Деловник за работа кој е во согласност со овој Статут.

Активностите на Општинската организација мора да се во согласност со овој Статут и законските норми во Република Македонија.

## 5.ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НИВНИТЕ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

Член 18

Органи на Здружението се:
1. Собрание;
2. Претседател;
3. Извршен одбор;

- СОБРАНИЕ

Член 19

Собранието е највисок орган на здружението.

Организацијата и работата на Собранието се уредува со Деловник за работа на Собранието и овој Статут.

Член 20

Собранието на Здружението го сочинуваат сите полноправни членови на Здружението кои редовно ја подмируваат членарината и учествуваат во редовната работа на Собранието.

Член 21

Собранието работи на пленарни седници, најмалку еднаш во годината.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Здружението по сопствена иницијатива или по барање на орган на Здружението, 1/5 од вкупниот број на делегати во Собранието на Здружението или 1/3 од постојните Општински организации на Здружението.

Член 22

Собранието го води Претседавач кој се избира на самата седница од присутните членови.

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Собранието донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови, доколку не е поинаку предвидено со овој Статут.

За работата на Собранието се води записник што го потпишуваат Претседавачот на тековната седница и записничарот.

Член 23

Собранието на Здружението ги има следниве права, должности и одговорности:

-донесува Статут и Програма на Здружението со 2/3 мнозинство гласови од 2/3 присутни членови на собранието;

-врши измени и дополнувања на Статутот и Програмата со 2/3 мнозинство гласови од 2/3 присутни членови на собранието;

-утврдува насоки за работа на Здружението;

-донесува и други акти утврдени со овој Статут;

-ги усвојува периодичните и годишните извештаи за работа на органите и телата на Здружението;

-го донесува финансискиот план на Здружението и завршна сметка;

-одлучува за промена на целта на Здружувањето;

-предлага и избира Претседател на Здружението со 2/3 мнозинство гласови од 2/3 присутни членови на собранието

- предлага и избира Потпретседатели на Здружението;

-предлага и избира членови на Извршниот одбор на Здружението;

-донесува Деловник за својата работа и Деловник за работа на општинските организации на Здружението;

-одлучува за промена на името на Здружението;

-одлучува за престанок со работа на Здружението со двотретинско мнозинство;

-одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението;

-одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;

-одлучува за висината на членарината;

-врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со Закон, други прописи или со овој Статут.

- разрешува членови на собрание со 2/3 мнозинство гласови од 2/3 присутни членови на собранието

Член 24

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаеви ги врши Извршниот одбор на Здружението, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за превземените активности.

5.Б.ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 25

Извршниот одбор е извршен орган на Здружението.

Извршниот одбор брои 5 членови, со мандат од 3 години.

Членови на Извршниот одбор се Претседателот на Здружението и други 4 членови на Здружението кои ги избира Собранието со просто мнозинство.

Член 26

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Здружението кој истовремено е и Претседетел на Извршниот одбор.

Седниците на Извршниот одбор се свикуваат по предлог на:

-Претседателот на Извршниот одбор;

-најмалку 1/3 од неговите членови.

Член 27

Извршниот одбор полноважно може да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е предвидено поинаку.

За работата на Извршниот одбор се води Записник кој се усвојува на наредната седница, го потпишуваат Претседателот на Извршниот одбор и записничарот.

Член 28

Извршниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

-ги подготвува седниците на собранието на Здружението;

-го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;

-му предлага ставови и заклучоци на Собранието;

-ги гради и реализира ставовите на Здружението;

-ги реализира ставовите и заклучоците на Собранието;

-може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;

-управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;

-подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;

-ја спроведува годишната програма, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- избира секратар на Здружението по предлог на Претседателот со просто мнозинство
-Учествува во подготовка на национални, регионални и интернационални проекти
-донесува Деловоник за својата работа со просто мнозинство;
-извршува и други работи што ќе му ги довери Собранието на Здружението и што призлегуваат од овој Статут.

Член 29

За својата работа Извршниот одбор одговара пред Собранието на Здружението.

Собранието на Здружението може да го отповика Извршниот одбор, или одделен негов член.

Предлог за отповикување на Извршниот одбор или одделен негов член може да поднесе орган на Здружението или најмалку 1/3 од членовите на Собранието на Здружението.

Предлогот за отповикување со образложение мора да биде во писмена форма.

## 5В. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 30

Здружението има Претседател.

Претседателот на Здружението своите права и должности ги врши врз основа на овој Статут и актите на Собранието.

Во случај на привремена спреченост на Претседателот на Здружението, него го заменуваат потпретседателите, а по овластување на Претседателот.

Член 31

Кандидат за Претседател на Здружението може да предложи член на Собранието на Здружението.

За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Мандатот на Претседателот на Здружението трае 3 години, со право на реизбор.

Член 32

Претседателот на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:
-свикува седници на Собранието и Извршниот одбор;
-ја спроведува политиката на дејствување на Здружението;
-го претставува и застапува Здружението;
-го координира функционирањето на Здружението;
-се грижи за спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Здружението;
-ги потпишува актите на Здружението;
-предлага програма за развој на Здружението;
-предлага начин и форми на финасирање на Здружението;
-назначува и Секретар на Здружението;
-врши други работи што ќе му ги довери Собранието, Извршниот одбор или произлегуваат од Статутот.

Член 33

Функцијата Претседател на Здружението престанува:
-по сопствено барање со давање на неотповиклива отставка;

-со разрешување од Собранието на Здружението. За неговата одговорност одлучува собранието со 2/3 мнозинство гласови од 2/3 присутни членови на собранието, на предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број на членови.

## 5.Г. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 34

Собранието на Здружението со мнозинство гласови од вкупниот број на делегати избира Потпретседател.

Кандидат за Потпретседател на Здружението може да предложат најмалку три членови на Собранието на Здружението.

Мандатот на Потпретседателот трае 3 години, со право на реизбор.

### Член 35

Потпретседателот врши работа од делокругот на Претседателот што ќе му ја довери тој или друг орган на Здружението.

### Член 36

Функцијата на Потпретседателот му престанува:

-по сопствено барање, и

-со разрешување од Собранието по предлог за разрешување од Претседателот, орган на Здружението или најмалку 1/3 од вкупниот број делегати во Собранието на Здружението.

## 5.Д. СЕКРЕТАР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 37

Секретарот на Здружението го избира Извршниот одбор по предлог на Претседателот со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Мандатот на Секретарот трае 3 години, со право на реизбор.

### Член 38

Секретарот ги има следните права, должности и одговрности:

-ги подготвува седниците на органите на Здружението;

-контактира со Општинските организации на Здружението;

-ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на органите и телата на Здружението;

-ја води архивата на Здружението;

-врши други работи што ќе ги доверат органите на Здружението.

### Член 39

Функцијата на Секретарот на Здружението му престанува:

-по сопствено барање; и

-со одлука на Собранието на Здружението.

Предлог за разрешување на Секретарот на Здружението може да поднесат:

-орган на Здружението; и

-најмалку 1/3 од вкупниот број на делегати на Собранието.

6.СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 40

Здружението има стручна служба што ги извршува стручните, оперативните и другите работни задачи што се во интерес на Здружението.
Работата на стручната служба се уредува со Деловник за работа на стручната служба што го носи Извршниот одбор на Здружението.

7.КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 41

Контролата врз работата на Здружението ја вршат нејзините органи и членови на начин утврден со овој Статут.

Контролата над законитостите на работењето на Здружението, во согласност со законите вршат надлежните органи и служби на Репулика Македонија.

Член 42

Членовите на Здружението имаат право на контрола врз работењето на Здружението преку формирање на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор брои 3 членови од редот на членовите на здружението.

8.ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 43

Здружението го претставува Претседателот.

По негово овластување или во случај на спреченост Здружението го претставува еден од потпретседателите.

9.СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

Член 44

За остварување на своите цели и задачи, Здружението стекнува средства, и со нив располага во согласност со овој Статут и Закон.

Член 45

Здружението стекнува парични средства, предмети и материјални добра што се обезбедуваат од:

1.членарина;

2.приходи од дејноста на формирани трговско друштва наменети за остварување на целите на здружението;

2.доброволни прилози;

3.провизии од органи, организации, заедници и други услуги;
4.кредити;
5. Странски фондови и фондации
6.сопствено организирани проектни активности,
7.донации;
8.Буџет на Република Македонија и Буџети на општините во Република Македонија
9. Други извори

Член 46

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Здружението се врши на начин утврден со општи прописи, со Законот и со овој Статут.

Член 47

Средствата на Здружението можат да се користат само за намени утврдени со финансискиот план и врз основа на соодветен документ.

Наредбодавач за извршување на финансискиот план, а во согласност со Законот, го утврдува Претседателот на Здружението.

## 10.ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 48

Здружението обезбедува известување на јавноста преку:
-обезбедување на непречено присуство на нејзините членови на седниците на органите и телата на Здружението;
-достапност на извештаите и другите материјали до членовите и заинтересираните лица;
-издавање на свој Весник (по потреба и по можност).
-организирање на јавни дебати, трибини и прес-конференции за јавноста за обезбедување на што поголема транспарентност и информираност на граѓаните на Република Македонија за работата и активностите на Здружението.

## 11.ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО РАБОТА И РАСПОЛАГАЊЕ НА НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

Член 49

Здружението може да престане со работа доколку:
-за тоа со 2/3 мнозинство, одлучи Собранието на Здружението;
-бројот на своите членови се намали под бројот определен со Законот;
-настапи било која од причините утврдени со Закон, за престанок со работа на Здружението.

12.ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 50

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот на Здружението може да поднесе секој орган или работно тело на Здружението.

Член 51

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Собранието.

Одлука за измени и дополнување на Статутот се носи со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието на Здружението.

13.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со акти на Собранието.

Член 53

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници на Собранието Извршниот одбор.

Член 54

Овој Статут влегува на сила на денот на донесување.

Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА
Претседател
Марина Тошеска

Прилеп
22.03.2024 год.